ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ – СКОПЈЕ

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

# НА ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ-СКОПЈЕ

**за**

**2021 година**

*Скопје, јануари 2021 год.*

## *МИСИЈА*

*Заводот има мисија за обезбедување развој на компетенции и квалификации, сертифицирање,поддршка и насочување како и лична професионална промоција на давателите на социјални услуги. Заводот обезбедува актуелни информации и податоци за состојбите во областа на социјалната заштита како основа за планирање, развивање и унапредување на квалитетот на услугите кон граѓаните.*

## *ВИЗИЈА*

*Заводот е современа, ,динамична и флексибилна институција со функционален тим, препознаен квалитет, капацитет и професионален пристап, која се грижи за кариерниот и професионален развој на своите вработени, обезбедува стимулативни услови за работа и примена на меѓународно прифатени стандарди.*

## *НАМЕРА*

*Квалитетни услуги кон граѓаните обезбедени во современ систем на социјална заштита кои превенираат ранливост и исклученост и овозможуваат способност за справување со социјалните ризици и функционално живеење.*

## ВОВЕД

Заводот за социјални дејности е јавна установа за унапредување на социјалната дејност, со надлежност на територија на целата држава, која согласно Законот за социјалната заштита,ги врши следниве работи:

- следи, истражува и анализира социјални појави и проблеми;
- предлага мерки за унапредување на дејноста социјална заштита;
- спроведува лиценцирање на стручните работници во дејноста социјална заштита;
- спроведува активности за професионален развој на стручните работници во установи за социјална заштита и други даватели на социјални услуги;
- врши проценка на потреби од континуирана професионална едукација на стручните лица во установите за социјална заштита и кај други даватели на социјални услуги и носи програма за континуирана професионална едукација по претходно мислење од Комисијата за одобрување програми за континуирана професионална едукација;

- води евиденција за учеството на обуки и дополнителните професионални активности на стручните работници даватели за социјални услуги
- врши евалуација на реализираните програми за едукација и најмалку еднаш годишно доставува извештај за евалуацијата на програмите до Комисијата за одобрување на програми за континуирана професионална едукација
- дава стручно мислење при изготвување на програми и стратегии за развој на социјалната заштита;
- подготвува стандарди и процедури за работа на стручните лица во установите за социјална заштита и другите овластени даватели на социјални услуги;
- води електронски регистар на одобрени програми за професионална едукација
- донесува Етички кодекс за стручните работници во дејноста социјална заштита;
- врши надзор над стручната работа на установите за социјална заштита и другите овластени даватели на социјални услуги;
- спроведува супервизија во стручната работа во јавните установи за социјална заштита и на стручните лица во Агенцијата за вработување на Република Македонија – центри за вработување, а кои работат на водење на случај и соработуваат со стручните лица во центрите за социјална работа;
- остварува стручна соработка со домашни и меѓународни експерти, релевантни институции и организации и
- објавува стручни публикации во дејноста социјална заштита.

Заводот во своето работење е насочен кон остварување на реформите во системот на социјална заштита преку учество во активности за воведување на мерки за унапредување на социјалната политика, редефинирање на системот на институционална заштита, ,зајакнување на капацитетите на давателите на услуги , зајакнување на постојните и равој на нови услуги –како одговор на потребите на ранливите групи граѓани.

Заводот своето работење го заснова на градење партнерски однос кон соработниците, вложување во унапредувањето во сопственото работење, практикувајќи принципи на професионалност, компетентност, независност и квалитет.

Резултатите на поддршка на севкупниот развој на институционалните капацитети на социјалните актери за воспоставување, унапредување, примена и следење на социјалните услуги се мерливи показатели на успешноста на Заводот во реализирање на утврдените програмски задачи.

Програмската ориентација на Заводот за социјални дејности-Скопје за 2021 година се заснова пред се на:

- Примена на нови и унапредени механизми на следење на реализацијата на целите поставени во законите и стратешките документи
- Резултатите на надзор, следење и евалуација на остварување на правата, примена на мерки и давање на услуги на социјална заштита согласно потребите на корисниците изложени на социјални ризици и мерење на квалитетот и ефектот на дадените услуги
- На досегашните стекнати знаења и во пракса проверени решенија во давање различни видови поддршка на актерите во системот на социјална заштита
- Улогата во процесот на лиценцирање и континуираниот професионален развој на стручните работници
- Активната улога во процесот на деинституционализација /трансформација на установите за социјална заштита и во креирањето на вонинституционални форми и сервиси / услуги на локално ниво

- Позитивните искуства од давање поддршка на локалните самоуправи за развој на социјални услуги на локално ниво
- Позитивните искуства од градење партнерства и соработка со институиции од јавниот и граѓанскиот сектор(домашни и меѓународни)

Основен предуслов за успешно реализирање на дефинираните програмски задачи на Заводот претставува усогласено делување на сите актери во достигнување на целите за развој на системот на социјална заштита во РМ. Програмските активности на Заводот за 2021 година се усогласени со вкупниот контекст во кој се одвива процесот на развој и унапредување, вклучувајки ги приоритетните активности и реформските заложби на сите надлежни актери.

Планираните програмски активности ќе се реализираат во зависност од расположливите и достапни средства за реализација обезбедени од буџетот и во рамки на заеднички активности со соработници.

**Капацитети на Заводот**

***кадровски капацитети , организација на работа***

Деловната 2021 година, ЈУ Завод за социјални дејности-Скопје ја започнува со 22 вработени,распоредени во три служби и еден оддел надвор од службите :

**1-Служба за правно нормативни работи и професионален развој** -со 2 оддела (раководител на служба и 3 извршители-советници)

**2.Служба за надзор над стручна работа и супервизија** –со два оддела ( еден раководител и 8 извршители ) и

**3.Служба за унапредување на дејноста социјална заштита** (со 2 оддела и 6 извршители)

**-Оддел за финансиски и административно технички работи и управување со човечки ресурси** -1 извршител

| ***Структура според работни места:*** | |
|---|---|
| Директор (дипл. социјален работник ) | 1 |
| Раководители на служби | 3 |
| Советник за лиценцирање | 1 |
| Советник за конт.професионален развој | 2 |
| Советник за надзор над стручна работа | 5 |
| Советник за супервизија | 3 |
| Советник за истражување - | 3 |
| Советник за подготовка на стандарди и процедури- | 3 |
| Самостоен референт | 1 |
| Вкупно | 22 |

***Просторно-технички капацитети***

Заводот е лоциран во зградата на Домот на хуманитарните организации „Даре Џамбаз“ бул. „11 Октомври“ 42 а, Скопје. Користи 17 работни простории, од кои една просторија е Центар за обука за континуиран развој.

Заводот располага со едно моторно возило, кое со оглед на законската надлежност за следење на работата на установите за социјална заштита низ Републиката, не ги задоволува потребите за економично, ефикасно и ефективно постапување.

Техничката опрема ги задоволува потребите на вработените во Заводот и тековно се обновува.

## ЦЕЛИ, АКТИВНОСТИ, РЕЗУЛТАТИ

Во 2021 година планираните програмски активности се насочени кон остварување на приоритетите на Владата и Министерството за труд и социјална политика за осовременување и редизајнирање на системот на социјална заштита -поврзани со процесите на деинституционализација/трансформација, децентрализација и плурализација на услугите – развој на социјални услуги од разни даватели , практикување на приод заснован на човекови права и интегрирано водење на случаи.

Предвидените активности се согласно законските надлежности на Заводот, работните цели и задачи на вработените , како и предложените индивидуални програми за работа од советниците за 2021 година и истите се планираат земајќи ја во предвид пандемиската здравствена состојба , владините препораки и мерките за организација на работа и секојдневно функционирање , протоколи за заштитни мерки и сл. и во зависност од состојбата во државата, надзорите , мониторингот и следењето, работни и координативни средби, стручна помош и сите други форми на поддршка на вработените во установите за социјална заштита, испорака на обуки , учество на обуки , работни средби, состаноци, прибирање потребни податоци и информации со цел изготвување на информации, извештаи, анализи и други документи, ќе се реализираат преку електронски средства за комуникација , платформи , како и во непосреден контакт, почитувајќи ги сите протоколи за одржување на состаноци, работни средби и сл.

Во процесот на дефинирање на стратешките правци на делување и стартешките цели на развој на социјалната заштита во 2021 година Заводот препозна четири стратешки важни цели во кои се содржани програмските активности и дејноста на Заводот, а претставуваат континуитет на започнати активности во претходните години:

1. **Унапредување на капацитетите на Заводот согласно делокругот на работа и законската надлежност**
2. **Унапредување на состојбата на ранливите групи корисници**
3. **Унапредување на капацитетите на давателите на социјални услуги**
4. **Унапредување на капацитетите на институциите за развој на услуги за социјална заштита на локално ниво**

**Општа цел 1. Унапредување на капацитетите на Заводот согласно делокругот на работа и законската надлежност**

***Специфична цел 1.1.Функционирање на Заводот согласно законските надлежности***

***1.1.1.Усогласување на нормативните акти на ЗСД со законските измени од релевантни закони***
Период на реализација: тековно

***1.1.2. Административно стручна поддршка на работата на Комисијата за лиценцирање за вршење стручна работа во дејноста социјална заштита;***
Период на реализација:континуирано

***1.1.3. Административно стручна поддршка на работата на Комисија за одобрување на Програми за континуирана едукација***
Период на реализација : континуирано

***1.1.4.Менаџирање на работата на Етичкиот Одбор***
Период на реализација: тековно

***1.1.5. Учество на вработени на Заводот во тела/комисии согласно Законот за социјална заштита***
-Комисијата за лиценцирање за вршење стручна работа во дејноста социјална заштита;
- Комисија за одобрување на програми за континуирана професионална едукација
- Комисија за лиценцирање на даватели на социјални услуги
- Комисиии за унапредување на даватели на јавни услуги во ЦСР
- Етички одбор
- Водење на Посебен регистар за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија
-учество на вработените во Заводот во комисии, работни групи, надзорни комисии и сл. согласно областите кои се теми на работа

Период на реализација: тековно

***Специфична цел 1.2. Континуирано унапредување на професионалните компетенции на вработените***

***1.2.1.Изготвување на Едукациски концепт на ЗСД за 2021 година***

Период на реализација: јануари 2021

***1.2.2.Учество на вработените на разни облици на стручно усовршување***

Вработените на ЗСД ќе учествуваат на обуки и едукации согласно Едукацискиот концепт за 2021 година – обуки од Програмата за генерички обуки од МИОА за 2021 година и специфични обуки согласно подрачјето на работа )
Период на реализација:континуирано

***1.2.3. Организациско учење***

Вработените во ЗСД ќе реализираат активности за споделување на наученото на разни форми на едукација –по завршување на едуакцијата преку организациско учење
Период на реализација: континуирано

***1.2.4. Учество на разни облици на обука и едукација***

Вработените во ЗСД ќе учествуваат на разни облици на обука и едукација( работилници, дебати, конференции , панел дискусии и сл .) на теми од делокругот на работа на Заводот по добиени покани и информации за нивно одржување.
Период на реализација: тековно

***Специфична цел 1.3. Равој на мрежата на соработници и партнери и унапредување на постојните соработнички односи со клучни институции на системот***

***1.3.1 Воспоставување и унапредување на соработка со релевантни научни и стручни институции во земјата и странство***

ЗСД ќе реализира активности за воспоставување на соработка со нови и унапредување на веќе воспоставена соработка со научни и стручни институции во земјата и странство
Период на реализација : континуирано

***1.3.2. Унапредување на облиците и начините на соработка со релевантни институции и организации во системот на социјална заштита,во јавниот, цивилниот и приватниот сектор***

ЗСД ќе реализира активности за воспоставување на соработка со нови и унапредување на веќе воспоставена соработка со партнери врз основа на потпишани меморандуми за соработка
Период на реализација : континуирано

***Специфична цел 1.4. Промовирање на работата на Заводот***

***1.4.1. Одржување и континуирано унапредување на електронската презентација – web страна на Заводот***

***1.4.2.Промоција на web страната на Заводот при екстерни презентации и активности на Заводот***

***1.4.3.Организирање на работни средби, конференции и изготвување промотивен материја***л
Период на реализација : континуирано

**Општа цел 2. Унапредување на состојбата на ранливите групи корисници**

***Специфична цел 2. 1. Следење на состојбата на корисниците на права и услуги во социјалната заштита***



***2.1.1.Активности за обезбедување на податоци за корисници на права и услуги***

ЗСД ќе реализира активности за собирање и обработка на податоци за корисници на одредени права/услуги по одредени индикатори (врз основа на подготвени обрасци за собирање на податоци, табели, прашалници и сл....).Собраните податоци ќе бидат презентирани во :Извештаи, Информации, Анализи, Прегледи и сл.
Период на реализација : на месечно, квартално, полугодишно, годишно ниво

Во 2021 година ЗСД ќе изготви,, Упатство за начинот на собирање на податоците за потребите на Законот за правда за децата и Националното координативно тело за заштита на децата од насилство (индикатори),, а во контекст на организација на центрите за социјална работа согласно интегрираното водење на случаи
Рок за реализација : четврт квартал

***2.1.2.Идентификување и систематизација на услуги/права на корисниците по одредени социјални ризици***

ЗСД ќе реализира активности за идентификување и систематизација на услуги/права на корисниците по одредени ризици и ќе иницира мерки и препораки за унапредување на состојбата на одредени ризични групи ( со подбрување на стручната работа, развој на нови услуги и сл....Во рамки на овие активности за секое од подрачјата/ризикот ќе се мониторира примената на стандардите и процедурите врз основа на што ќе се изготват насоки/ мерки /препораки за подобрување на квалитетот на заштитата за :

-деца без родители и без родителска грижа
-деца во ризик (согласно Законот за правда за децата)
-заштита на деца во постапки од подрачје на брак и семејство
-семејно насилство
-деца/лица со попреченост
-возрасни и стари лица
Период на реализација:квартално, полугодишно, годишно

***Специфична цел 2.2 Мапирање на состојбите, редефинирање на институционалната рамка и редизајнирање на социјалните услуги***

***2.2.1.Мапирање на состојбите, потребите и предлагање на мерки за подобрување на постојните услуги и развој на нови***

ЗСД ќе реализира активности за мапирање на состојбите во Републиката во однос на развиеноста и достапноста до права и услуги по региони и на ниво на локална самоуправа како основа за креирање на истите согласно утврдените потреби на граѓаните
Период на реализација: континуирано

***2.2.2.Активности за следење на процесот на деинституционализација и трансформираните институции***

Заводот ќе реализира активности согласно Стратегијата за деинституционализација, ,Тимјаник,,и Програмата за развој на социјалната заштита за 2021 година –со посебен акцент на :Специјален Завод Д. Капија, ЈУ Завод за заштита на деца и младинци-Скопје и ЈУ ЗАвод за заштита и рехабилитација,, Бања Банско,,Струмица.
Период на реализација : согласно Акциониот план

Заводот ќе реализира активности и за следење на состојбата и унапредување на заштитата на корисниците сместени во трансформираните установи во насока на намалување на периодот на престој во истите :
Дом за доенчиња и мали деца Битола,Детски дом 11 Октомври и ЈУ за згрижување на деца со воспитно цоцијални проблеми и нарушено поведение-Скопје
Период на реализација: месечно, квартално, полугодишно,годишно

***2.2.3.Стручна поддршка за редизајнирање на постојните ДЦ ( услуги во заедницата - дневен престој ) за лицата со попреченост и развој на нови***

Заводот ќе реализира активности во насока на следење на работата на постојните Дневни центри за лица со попреченост, осовременување на програмите за работа ,иницирање и поддршка на активности за развој на нови Дневни центри во Републиката
Период на реализација: континуирано

***2.2.4.Следење на заштитата на децата во мали групни домови – МГД***

Заводот ќе реализира активности за следење на заштитата на корисниците сместени во МГД (Кавадарци, Берово, Штип, и во ОЕ на СОС Детско село)заради унапредување на стручната работа и квалитетот на услугите кон корисниците
Период на реализација : континуирано

***2.2.5.Следење на квалитетот на грижа за децата сместени во згрижувачки семејства***

Во 2021 година Заводот ќе реализира активности како поддршка на имплементација на новиот модел на згрижување ( отворање на два Центри за поддршка на згрижувачките семејства, мониторинг на примената на изготвените стандарди и процедури за згрижување, поддршка на стручните лица во примена на новиот модел )
Период на реализација: континуирано

***2.2.6.Мониоторинг и евалуација на услугата лична асистенција***

Заводот ќе реализира активности за мониторинг и евалуација на услугата лична асистенција, примената на стандардите и процедурите од страна на давателите ан услугата и ЦСР,унапредување на квалитетот на давање на услугата и поддршка за развој на услугата согласно искажаните потреби на лицата .
Период на реализација: месечно, квартално, годишно

***Специфична цел 2.3. Реорганизирање на работата на ЦСР и УСЗ***

Заводот ќе реализира активности за поддршка на процесот на реорганизирање на работата на центрите за социјална работа согласно воспоставениот модел на интегрирано водење на случај,како и поддршка на установите за реорганизирање на работата согласно процесите на трансформација.

***2.3.1.Стручна поддршка на ЦСР за воспоставување на систем за водење на случај ,тријажа и супервизија***

Период на реализација: тековно

***2.3.2. Стручна поддршка на УСЗ за воспоставување на функционална организација на работа согласно процесите на трансформација и деинституциоанлизација***

Период на реализација: тековно



***2.3.3. Осовременување на механизмите за следење на програмирањето и известувањето за работата на ЦСР и УСЗ***

Заводот ќе реализира активности за осовременување на процесот на програмирање и известување за работата преку поддршка во изготвување на обраси/ упатства за планирање и известување, обрасци за следење на реализираното и постигнатите резултати, изготвување на збирни извештаи и прегледи ,изготвување на прегледи по региони и сл. Изготвените материјали/ документи ќе можат да се користат за планирање и развој на услуги согласно констатираните потреби на локално/регионално ниво.
Период на реализација: тековно

**Општа цел 3. Унапредување на компетенциите на стручните работници во системот на социјална заштита**

***Специфична цел 3.1. Унапредување на стручната работа преку надзор над стручна работа,супервизија, мониторинг и евалуација***

***3.1.1. Реализирање надзор и мониторинг над стручната работа, во ЦСР ,УСЗ и други даватели на социјални услуги и определување мерки и препораки за постапување***

Во текот на 2021 година, надзор над стручната работа во центрите за социјална работа, установите за социјална заштита и другите даватели на социјални услуги, Заводот ќе реализира :

- во подрачјето на права и услуги наменети за лица со попреченост,,

Период на реализација : трет квартал

- во подрачјето на заштита на деца во ризик согласно Законот за правда на децата

Период на реализација : втор квартал

- по барање на МТСП ,Народен правобранител –при искажано незадоволство од постапувањето на институциите во заштита на правата и интересите на конкретни корисници

Период на реализација : континуирано

За констатираните состојби се изготвува Извештај со мерки и препораки за надминување на недостатоците и неправилностите).

***3.1.2. Следење на реализирањето на мерките и препораките***

Во текот на годината Заводот ќе реализира активности за следење на постапувањето по определените мерки /препораки во определениот рок за постапување и преку контролен надзор во 10% од предметите над кои е спроведен надзор над стручната работа во 2020 година.
Период на реализација : континуирано

Заради согледување на состојбата и ефектите од надзорите нсд стручната работа ќе се реализираат активности за изготвување на „Анализа на надзорите над стручната работа за 2018,2019,2020 година,,
Период на реализација : втор квартал

***3.1.3. Реализирање на индивидуална стручна поддршка на ЦСР,УСЗ согласно***

***нивните индивидуални потреби и барања во спроведување на одредени постапки со корисниците***

Заводот ќе обезбеди стручна помош и поддршка на установите и стручните работници во нив преку : поддршка во постапување по конкретни предмети, работни средби, координативни средби ,насоки, упатства за постапување и зајакнување на капацитетите преку обуки и едукации

Период на реализација: континуирано

***3.1.4. Поддршка и стручна помош на стручните работници кај други даватели на социјални услуги***

Согласно своите надлежности Заводот ќе обезбеди стручна помош и поддршка и на стручните работници кај други даватели на социјални услуги –на нивно барање и по проценка врз основа на следење на испораката на услугата.

Период на реализација : тековно

***3.1.5. Спроведување супервизија од страна на ЗСД во ЦСР и Центрите за вработување кои работат на водење на случај и соработуваат со ЦСР***

Активно учество на преставниците од Заводот во воспоставената работна група , преку присуство на состаноци, обезбедување на соодветна литература, изготвување на документација , учество во изборот на обучувачи за супервизија , следење на обуки, со цел подготовка на системот и институциите за започување на супервизијата.

Период на реализација **:** континуиран

***3.1.6.Стандардизација на стручната работа со корисниците***

Заводот во 2021 година ќе реализира активности за изготвување на стандарди и процедури за работа на стручните работници при испорака на социјалните услуги согласно Законот за социјална заштита, а за веќе изготвените стандарди и процедури ќе се реализира мониторинг на спроведувањето на истите во пракса.

Период на реализација : тековно

***3.1.7 Мониторирање на примена на одредбите од Етичкиот Кодекс за стручните работници во дејноста социјална заштита***

Заводот ќе ја менаџира работата на Етичкиот одбор ,а во активностите кои ќе ги реализира за следење на постапувањето на стручните работници како и во рамки на надзорот на стручната работа ќе ја мониторира и примената на одредбите од Етичкиот кодекс.

Период на реализација: тековно

***Специфична цел 2. Реализирање на процесот на лиценцирање на стручните работници во системот на социјална заштита***

Заводот во континуитет ќе реализира активности во рамки на процесот на лиценцирање :

***3.2.1.Стручни и административни работи за потребите за работа на Комисијата за лиценцирање***

***3.2.2. Активности за реализирање на процесот на лиценцирање согласно Законот за социјална заштита***

Период на реализација: континуирано

***Специфична цел 3. Планиран континуиран професионален развој на стручните работници во системот на социјална заштита***

Заводот во континуитет ќе реализира активности во рамки на процесот на континуирана професионална едукација на стручните работници

***3.3.1. Изготвување на Програма на Заводот за Континуирана професионална едукација за 2021 година***
Период на реализација : прв квартал

***3.3.2. Стручни и административни работи за потребите на Комисијата за одобрување програми ) -водење на регистар на одобрени програми***
Период на реализација : континуирано

***3.3.3. Организирање и испорака на обуки согласно одобрената Програма за континуирана едукација изготвена од ЗСД***
Период на реализација : континуирано

***3.3.4. Мониторирање на примената на стекнатите знаења и вештини од обуките во практичната работа со корисници***
Период на реализација : континуирано

**Општа цел 4. Јакнење на капацитетите на институциите за развој на услуги за социјална заштита на локално ниво**

Согласно приоритетите на Владата и МТСП за децентрализација, деинституционализација,плурализација и достапност на услугите поблиску до граѓаните , Заводот согласно своите надлежности ќе реализира активности за поддршка на овие процеси .

***Специфична цел 4.1. Воспоставување на меѓуинституционална и мултиресорска соработка во локални заедници***

***4.1.1.Работни средби со претставници на институции/заинтересирани страни на локално ниво*** – со цел информирање за законските можности за реализирање на процесите на деинституционализација,децентрализација на услуги на члокално ниво согласно констатираните потреби за развој на истите
Период на реализација : тековно

***4.1.2.Координирање на активностите за воспоставување на соработки/услуги-*** Заводот ќе реализира активности за поддршка и координација на институциите на локално ниво за воспоставување на соработки и развој на услуги ,размена на податоци и информации .
Период на реализација: тековно

***Специфична цел 4.2.Зајакнати капацитетите на локалните самоуправи***

По барање на институциите на локално ниво,согласно своите надлежности Заводот ќе реализира активности за зајакнување на капацитетите на институциите на локално ниво за развој на услуги во сферата на социјалната заштита и подобрување на состојбата на ранливите групи граѓани преку :

- Обезбедена достапност на податоци со кои располага ЗСД за потребите на заинтересирани локални самоуправи
- Испорачани Обуки на заинтересираните страни

Период на реализација : тековно

**ЈУ Завод за социјални дејности-Скопје**

**Директор,**

**Стојан Станиславски**